**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Уп1 Бр.08-374
Скопје 31.07.2019 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-374 од 19.07.2019 година, на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги д-р Зоран Трајчевски, а согласно Заклучокот, бр.02-3716/2 од 30.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 29-та седница одржана на 30.07.2019 година, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
### за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување

1. СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ, бр.08-113 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-374 од 19.07.2019 година.

2. Решението е конечно.

### О б р а з л о ж е н и е

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 28-мата седница одржана на 24.07.2019 година го усвои Предлогот од директорот Уп1 бр.08-374 од 19.07.2019 година и покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ, бр.08-113 од 05.01.2015 година. Постапката беше поведена поради прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и на член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14 и 76/15), а согласно член 82 став 1 алинеја 5 и член 83 од цитираниот закон, односно поради неисполнување на минималните кадровски услови утврдени во Правилникот и затоа што по издавањето на дозволата настанале околности што преставуваат законски пречки за imателот на дозволата да ја врши дејноста.

Согласно член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички,

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнувањена Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата.

Во член 9 став 4 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14 и 76/15), пропишано е дека бројот и структурата на вработените лица за радио на локално ниво, треба да биде 3 (три), од кои 2 (две) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари. Согласно овој Правилник, како вработени лица се сметаат лицата во редовен работен однос со полно работно време кај радиодифузерот и лицата ангажирани врз основа на договор за дело и/или авторски договор (член 9 став 6).

Агенцијата за покренатата постапка го извести Трговското радиодифузно друштво Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ (Известување Уп1 бр.08-374 од 25.07.2019 година) и му укажа дека доколку не ја достави потребната документација од која што ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во цитираниот Правилник, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот на Директорот на Агенцијата, Уп1 бр.08-374 од 19.07.2019 година, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување.

На 28.07.2019 година, ТРД Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ по електронски пат до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги достави 2 (два) Договори за дело, за лица ангажирани кај радиодифузерот врз основа на договор за дело, Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект, заклучно со 26.07.2019 година издаден од страна на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и 2 (две) дипломи за 2 (двете) лица ангажирани врз основа на договор за дело (наш арх.бр.03-2618/2 од 29.07.2019 година). Со оглед дека документацијата не беше доставена во оригинал, на радиодифузерот ТРД Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ од страна на Агенцијата му беше укажано истите документи да ги достави и во оригинал.

На 30.07.2019 година, Секторот за стратешко планирање и авторски права до директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, д-р Зоран Трајчевски, достави Известување за доставена документација од Трговското радиодифузно друштво Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ (наш арх.бр.03-2618/3 од 30.07.2019 година), со кое го известува дека во архивата на Агенцијата на 30.07.2019 година е доставена документацијата во оригинал (Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект заклучно со 26.07.2019 година, издаден од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, и два договори за дело склучени помеѓу радиодифузерот и две физички лица), од која е видно дека во радиостаницата се вработени вкупно 4 (четири) лица, од кои 2 (две) со висока стручна спрема, ангажирани како новинари. Следствено на наведеното, од страна на Секторот за стратешко планирање и авторски права во Известувањето (наш арх.бр.03-2618/3 од 30.07.2019 година) е наведено дека потребно е да се запре постапката за одземање на дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ, покрената со Предлогот бр. 08-374 од 19.07.2019 година.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[2] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-374 од 19.07.2019 година, на д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,а

[2]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнувањена Законот за аудио и Аудиовизуелни медиумскиуслуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

согласно Заклучокот, бр.02-3716/2 од 30.07.2019, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 29-та седница одржана на 30.07.2019 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за финансии и логистика; и
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.